| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Инсектите во пролет |
| **Содржина на денот** | Пролетен излет |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Билјана Цветаноска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Усвојување на хигиенски навики за здраво и безбедно однесување во градинка, домот и надвор. |
| **Активности** | Активноста започнете ја со разговор со детето за промените кои се случуваат во природата и карактеристиките на годишното време пролет. Користете слики, апликации за подобра визуелна перцепција и воочување. Во продолжение ќе им го прочитајте расказот „Пролетен излет''. Читајте го дел по дел, притоа на детето покажувајте му ги сликите во серија по редоследот од текстот. Со детето анализирајте ја неговата содржина, ликовите, доколку има непознати зборови објаснете му ги и поттикнете го да раскажува со куси и целосни реченици редоследно. При тоа треба да внимавате на јасната дикција при раскажувањето и на правилниот изговор.<br>Активноста продолжете ја со цртање на делот од расказот кој на детето му оставил најголем впечаток со ликовен материјал по избор на детето. |